ло во најтесна врска со Пере Тошев.

**Наум Димовски** во своето искажување се осврна на неколкуте искажувања за убиството на Пере Тошев. Тука детално е изнесено патувањето на Пере од Софија до Дреновската клисура, каде што беше дочекан и од заседа убиен. Притоа се изнесени мислењата на низа луѓе, од кои се гледа дека Пере бил следен сѐ до местото каде што бил убиен.

Проф. **Гане Тодоровски** во своето искажување под наслов: **Пере Тошев во литературата,** преку анализа на 4 романи во кои се спомнува или е главна личност Пере, подвлекол дека овој човек, совеста на револуционерна Македонија бил и ќе биде инспирација за многу писатели и поети кои ќе пеат и ќе пишуваат за големото дело на овој револуционер. Акцентот во искажувањето на проф. Тодоровски паѓа врз романот на Антон Страшимиров.

Од искажувањето на **Владо Иваноски: „Пере Тошев" име на** Велешки партизански одред од 1942 година, може да се заклучи тоа дека имињата не само на Пере, туку на редица наши револуционери длабоко се врежани во сеќавањата на народот и за него претставуваат синоним за храброст, решителност, нескршливост и истрајност.

**Филип Каваев** во својот реферат дава анализа на неколку народни песни и во секоја од нив зборува за определени моменти од животот на овој револуционер.

**Симо Младеновски** преку своето излагање дава низа карактеристики на народната песна од Тиквешкиот крај, кој пее за овој син убиен во Дреновската клисура.

**Георги Здравев** во своето излагање ја изнесе музичката карактеристика на една песна, посветена на Пере Тошев.

Не е нескромно ако се каже дека овој труд е навистина вреден. Материјалите што беа поднесени на симпозиумот и како такви публикувани, го прават вреден. Сите материјали што се внесени во оваа книга, чинат една органска целина, а тоа е драгоцен придонес кон нашата историографија. Од техничка страна нема никакви пропусти, што е необично карактеристично. Стилот и јазикот се на ниво, а заедно со останатите квалитети го прават овој труд привлечен.

Д. В.

## Слободан Нешовиќ: „ЈУГОСЛОВЕНСКО-БУГАРСКИТЕ ОДНОСИ ВО БЛИСКОТО МИНАТО" (НИП „Нова Македонија", Скопје, 1973.)

Врз југословенско-бугарските односи во периодот пред завршувањето на Втората светска војна, неоспорно, влијаеше општата ситуација во Европа, условена со појавата и јакнењето на нацизмот и фашизмот, како и општата состојба во светот пред второто светско судирање. Исто така, на тие односи на балканските соседи им претходат настаните и наследството уште од времето пред и за време на Првата светска војна.

Што се збиднуваше и што се случи во светот?

Нацистичка Германија, пред самата Втора светска војна, вешто ги користи попустливоста на влијателните кругови на западните земји и антисоветското расположение — за своите мрачни планови. Веднаш по доаѓањето на Хитлер на власт во 1933 година, тие кругови на западните земји покажуваат непоимливо несфаќање на целите на агресивниот италијански фашизам и на германскиот нацизам. Водачот на Третиот рајх тоа вешто го користи. Во погодниот момент се раѓа нова германска армија. Хитлер го напушта Друштвото на народите во октомври 1933 година, а само две години подоцна ги откажува сите одредби на Версајскиот договор за мир.

Германија и фашистичка Италија ги усогласуваат своите цели со договорот од октомври 1936 година, создавајќи ја оската Рим—Берлин.

Против меѓународното работничко движење и прогресивните движења и прогресивните сили во светот, набргу се ангажира милитаристичка Јапонија и истата година (ноември 1936 година) склучува со Германија „Антикоминтерна пакт". На дваесет и седми септември 1939 година во Берлин е потпишан Тројниот пакт, воен сојуз на Германија, Италија и Јапонија.

Единствено и главно упориште на Балканот, германскиот империјализам најде на бугарскиот царски двор. Цар Борис III ја прифаќа, со полн жар, прогерманската политика на својот татко, потпирајќи се на најреакционерните сили во земјата и во армијата посебно.

Втората светска војна почна. Бугарскиот цар и владата вршат подготовки за пристапување на Бугарија кон фашистичкиот лагер. По извршените избори, дворот успеа за новото Собрание да обезбеди целосно послушно германофилско мнозинство (!). Во моментот на нападот на Италија на Грција, бугарската влада врши мобилизација „заради обезбедување на јужната граница и на црноморскиот брег" (?).

Драматичните настани се редат еден по друг, со голема брзина и според планот од Берлин. Според спогодбата, Бугарија дозволува, во текот на декември 1940 година и во јануари 1941 година „извесен број германски офицери да дојде на бугарската територија заради подготвување на нападот на Грција" (!). Цар Борис III оди во посета кај Хитлера и предлага да се реши „прашањето на Македонија" (!). Хитлер го пречека својот гостин, и на крајот му вети, со овие зборови: „Ќе го поддржам остварувањето на бугарските национални цели!". Од посетата изминаа само три месеци, а бугарскиот претседател на владата, истакнатиот германски експонент Богдан Филов, свечено го става својот потпис во Виена на 1 март 1941 година на предавничкиот документ на бугарскиот народ. Хитлеровите трупи договорно влегуваат на тлото на Бугарија, а таа како прв „подарок" од Романија ја откинува Јужна Добруџа (!).

Пристапувањето на Бугарија кон Тројниот пакт беше од големо значење за силите на Оската, за бугарската прогерманска влада, која сметаше дека дошол погодниот момент за освојување туѓи територии.

Создаден е плацдарм за напад на Југославија и на Грција.

На конференцијата со највисоките нацистички водачи, на 27 март 1941 година, Хитлер рече: „Војната против Југославија би можела да биде мошне популарна во Италија, Унгарија и Бугарија, бидејќи на овие држави треба да им се стават во изглед извесни југословенски територии: Италија — Далматинскиот брег, Унгарија — Банат, а Бугарија — Македонија“!

Германските трупи и авијацијата се нафрлија врз нашата земја!

Во сите германски акции и комбинации бугарската влада беше мошне ангажирана, како во нападот така и во поделбата на Југославија. Тој бугарски придонес Адолф Хитлер го оцени позитивно.

Бугарија цели три и пол години ѝ беше соучесник на Германија во војната. Ги окупира Македонија и дел од Србија. Ја прифати срамната улога на хитлеровски жандарм, пљачкаш, како и сурова пресметка со населението на окупираната југословенска територија.

Така се случуваше и се случи сè до периодот кој го зафати во својата студија публицистот Слободан Нешовиќ.

Веќе подолго време се чувствуваше потреба на нашата и на светската јавност да ѝ се прикажат улогата на Бугарија и на нејзините вооружени сили во Втората светска војна.

Книгата „Југословенско-бугарските односи во блиското минато“ на новинарот и познат публицист Слободан Нешовиќ претставува мошне студиозно обработени документи и корисен придонес кон историографијата на меѓусебните односи на двата балкански соседи во виорот на Втората светска војна. Низ две поглавја авторот ги опфаќа сите околности под кои се одвиваат тие односи, а посебно ставот и држењето на Бугарија. Во првиот дел на својата студија авторот ги обработува сите елементи кои се однесуваат на вклучувањето на бугарските трупи во завршните борби против германските сили на Балканот, односно на делот од територијата на Југославија и на Унгарија. Во второто поглавје авторот Нешовиќ ги изнесува ставовите на Бугарската работничка партија (комунисти) и на Отечествениот фронт за националното прашање на Македонија во текот на војната и во првите години по неа.

Слободан Нешовиќ, како мошне искусен публицист и новинар и автор на богатата збирка историски дела и студии, успева во книгата „Југословенско-бугарските односи во блиското минато“ максимално да ги открие и да ги искористи многуте историски документи. Нему му пошло од рака, на мошне погоден и ненаметлив начин солидно да го обработи покренатото прашање. Своето богато искуство и вештината авторот ги покрена во таа обработка. Вредно е да се спомене дека авторот во својата работа се користел со добар дел бугарска литература и архивски документи до кои кај нас, поради некакви чудни причини, тешко може да се дојде (!).

Деталите од првото поглавје, кои се однесуваат на бугарските сили кои се употребени на тлото на Југославија, по спогодбата во

Крајова и одлуката на нашиот Врховен штаб, даваат вистинска слика на она што навистина се случуваше на Сремскиот фронт и на дел од Унгарија. Тие го побија секое омаловажување на ослободителната борба на народите и на народностите на Југославија. Деталите на Нешовиќ ја отфрлуваат веќе познатата теза на официјалната бугарска историографија: **како, божем, бугарската војска заедно со единиците на Црвената армија, ја ослободиле Југославија (!), а дека југословенските партизани вршеле некаква пресметка само со домашните предавници".** Според тоа, Нешовиќ во својата книга, всушност, оправдано води полемика со бугарската историографија, која често па и денес, е готова на најгруб начин да ги извртува историските факти.

Книгата на Нешовиќ е актуелна студија, пишувана со јазик и стил кој ќе го освои читателот. Нешовиќ заслужува признание за ова свое дело.

Б. О.

## ГЛАСНИК НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА, Скопје, 1974, XVIII, бр. 1, стр. 313 и бр. 2, стр. 331

Во текот на изминатата 1974 година, во издание на Институтот за национална историја во Скопје, излегоа од печат два броја на списанието „ГЛАСНИК". Од објективни причини, третиот број на ова списание не излезе навреме од печат и неговото излегување се очекува наскоро.

Во публикуваните броеви се објавени голем број статии, прилози, критики, прикази и рецензии. Се разгледуваат проблеми од историјата на македонскиот народ и тие се систематизирани во одделни рубрики.

Содржината на списанието „Гласник" бр. 1/1974 година е следнава. Во рубриката статии и прилози се објавени следниве написи: „Македонија во балканската политика на Третиот Рајх" е статија на проф. д-р ДАНЧО ЗОГРАФСКИ.

Статијата на проф. Д. Зографски обработува период од најновата историја на македонскиот народ. Во неа авторот ги изнесува дипломатски потези и задкулисни игри на дипломатските кругови на силите на оската во прв ред на Германија и Италија. Во оваа игра беа замешани Унгарија и Бугарија. Од изнесеното во статијата се гледа дека сите сили на оската сакаа да ја земат Македонија и да ја претворат во бастион, кој ќе им обезбеди доминација на Балканот.

Во статијата на ХРИСТО АНДОНОВ под наслов: „Македонското национално малцинство во Грција, Бугарија и Албанија" се изнесени драгоцени соопштувања за Македонците, кои по законот на војната останаа да живеат во оние краишта кои со балканската пресметка ги заседоа соседните монархии. Во статијата се изнесени сите маки и страдања на овој наш народ, неговата борба за свој јазик и училишта, за правото слободно и непречено да се декларираат како Македонци, зашто тие се тоа.

„Карактеристики на стопанските односи во Македонија од 1919